Република Северна Македонија
**Државен завод за индустриска сопственост**

[redacted]

Бр. 09-2/19
Дата 02-01-2020

SOIP

**Државен завод за индустриска сопственост**
ул. 11 Октомври бр.25,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3103 601
Сајт: http://ippo.gov.mk

# *ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ ЗА 2020 ГОДИНА*

***Dr Safet Emruli***
***ДЗИС***
***25.12. 2019***

Република Северна Македонија
**Државен завод за индустриска сопственост**

[redacted]

## *I.Вовед*

Државниот завод за индустриска сопственост е управна организација со статус на самостоен орган на државната управа кој се финансира од сопствени приходи, а доколку се потребни дополнително средства и од буџетот на Република Северна Македонија и е институција која е надлежна за спроведување на управна постапка за стекнување и одржување на правата од индустриска сопственост, но има и пошироки надлежности утврдени со Законот за индустриската сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр.21/2009, бр.24/2011, 12/2014, 41/2014, 152/2015, 53/2016 и 83/2018).

Надлежностите на Заводот се однесуваат и на иницирање на ратификации на меѓународни договори, следење на нивното извршување, соработка со меѓународни, европски и регионални организации за индустриска сопственост, соработка со други субјекти вклучени во системот на заштита на правата од индустриска сопственост, промоција на заштитата на индустриската сопственост и друго. Заводот ја претставува Република Северна Македонија и учествува во работата на телата и комитетите на Светската организација за интелектуална сопственост - СОИС, Европската патентна организација - ЕПО, а исто така е вклучен и во меѓународната соработка во рамки на Европската Унија - ЕУ, Светската трговска организација - СТО и билатералните договори за слободна трговија.

Со Одлука на Владата на Република Северна Македонија, Заводот е определен за раководење, со работната група за поглавјето 3.7. "Право на интелектуална сопственост" во подготовката на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ и подготовките за преговарачки позиции и е институција носител за подрачјата: 3.7.2.-Права на индустриска сопственост и 3.7.3.-Спроведување.

Државниот завод за индустриска сопственост е институција која го координира процесот на зајакнување на целиот систем на развој и заштита на правата од индустриска сопственост и системот на спроведување на заштитата на правата од индустриска сопственост.

Државниот завод за индустриска сопственост соочен со обврските кои произлегуваат од Законот за индустриската

сопственост, но и пред се обврските од евроинтеграционите процеси, членството во Светската организација за интелектуална сопственост, Светската трговска организација и учеството во работата на Европската патентна организација, презема низа активности соодветно да одговори на поставените задачи на планот на хармонизација на легислативата, прифаќање на меѓународни договори и конвенции, зајакнување на билатералната соработка, учество во работните тела на организациите, освен на Светската трговска организација, како и активности на планот на афирмацијата и поттикнувањето на индустриската сопственост.

***Мисијата*** *на Државниот завод за индустриска сопственост е да обезбеди услови за ефикасна и ефективана заштита на правата од индустриската сопственост и да го подигне нивото на заштита согласно високите меѓународни стандарди, како и активно да придонесува во креирањето на целокупниот систем на заштита и спроведување на заштитата на правата од индустриската сопственост. Така изградениот систем ќе претставува исполнет услов за интегрирањето во европските структури и ќе претставува моќна алатка за економски, културен и социјален развој на државата. За да ја реализира својата мисија, Заводот ќе обезбеди координирано, континуирано и ефикасно надградување на правната рамка, како и градење на кадровските капацитети, ќе биде активен член во градење на позицијата на државата во мегународните институции.*

***Визијата*** на *Државниот завод за индустриска сопственост е да обезбеди систем на заштита согласно меѓународните стандарди и да претставува моќен инструмент за поттикнување на активностите на креативниот ум заради развој на стопанството, да ја заштитува индустриската сосптвеност, а со тоа рамноправно да ги штити и потрошувачите и авторите.*

## *II. Конкретни предлог активности за реализација*

| Сектор за патенти, технолошко набљудување и билатерална соработка со Европскиот патентен завод | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цел | Активност | Сектор или одделение | Рок или динамика | Индикатор |
| Што сакаме да постигнеме? | Како ќе ги постигнеме поставените цели | Кој е одговорен за спроведување на задачите и активностите? | Кога задачите и активностите мора да бидат завршени | Како ги мериме задачите/активностите |
| Тековно испитување на пријавите на патент | Распоредување на останатите домашните и европските пријави поднесени до крајот на 2019 год. | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Јануари-Јуни 2020 | Издадени решенија за признавање на правото на патент |
| Тековно испитување на пријавите на патент | Распоредување на домашните и европските пријави кои ќе се поднесуваат во 2020 год | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Континуирано | Издадени решенија за признавање на правото на патент |
| Тековно решавање на барањата за промени во регистрите | Распоредување на сите барања за впишување на промена во соодветните регистри кои ќе бидат поднесени во 2020 година. | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Континуирано | Издадени решенија за промени во соодветните регистри |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Тековно следење на годишните такси за одржување на правото за патент | Ќе се следат годишните такси и нивните рокови за веќе признаените патенти, и по однос на истите ќе се превземаат соодветни дејствија. | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Јануари-Март 2020<br>Април – Јуни 2020<br>Јули – Септември 2020<br>Октомври-Декември 2020 | Изготвување на квартални извештаи |
| Брзо и квалитетно изготвување и издавање на Решерш | Тековно ќе се распоредат сите барања за пребарување во домашните и меѓународните бази на патенти- Решерш кои ќе бидат поднесени во 2020 година | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Континуирано | Потребното време за изготвувањето и издавањето на Решершот |
| Побрзо добивање на одговор за потполното испитување | Тековно ќе бидат обработени сите барања за потполно испитување како и барањата за експертско мислење по основ на билатералните договори со унгарскиот и романскиот завод. | Одделение за патенти | Континуирано | Добивање на одговор за потполното испитување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Навремено испраќање на ДСП пријавите во WIPO | Пополнување на ДСП (РСТ) пријавите од македонските пронајдувачи и испраќање на истите во WIPO | Одделение за технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Континуирано | Испратени пријави |
| Едукација на патентните испитувачи и застапниците | Организираат на семинар во соработка со Европскиот Патентен Завод | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Јануари-Јуни 2020 | Успешно организиран на семинар |
| Едукација на застапниците и подносителите за поднесување на патетни пријави | Организираат на семинар во соработка со Светската Организација за Интелектуална Сопственост | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Јули-декември 2020 | Успешно организиран на семинар |
| Промоција на домашните пронајдоци | Организирање на Манифестација Патент на Годината 2019 | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | 26 април 2020 | Одржувањето на манифестацијата |
| Промоција на домашните пронајдоци | Организирање на учество на домашните иновации во Меѓународните изложби | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Континуирано | учеството на домашните иновации во Меѓународните изложби |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Промоција на домашните пронајдоци | Учество во својство на членови на жири комисии и доделување на парични награди за најдобрите иноватори во Макинова 2020, Еконова 2020 и ИНОВАМАК 2020 | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Континуирано | учеството на патентните испитувачи во домашните изложби за иновации |
| Подигање на јавната свест кај домашните субјекти за потребата и значењето на заштитата на правото за патент | изготвување на презентации и учество во својство на предавачи во разни семинари или работилници организирани од страна на Универзитетите, Стопанските комори, општините, СПАТУМ, АППРМ и други. | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Континуирано | Учеството во семинари или работилници |
| Усовршување на испитувачите за административната и управната постапка во РМ | Учествување на семинари и работилници организирани од други институции од земјата | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Континуирано | Учеството во семинари или работилници |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Квалитетни податоци во формат погоден за размена на истите со меѓународните институции | Следење на обуките на ЕПО, ажурирање на податоците како и надоградба на веќе постоечките ИТ системи | Одделение за патенти и Одделение за издавачки работи и информатика | Континуирано | Размена на точни податоци навремено и со потребниот квалитет |
| Пребарување на базите на податоци на ЕПО Espacenet new на македонски јазик | Превод на интерфејсот како и на модулите за пребарување | Одделение за патенти и Одделение за издавачки работи и информатика | Континуирано | Интерфејс и пребарување на espacenet базата на македонски јазик |
| Промоција на Европската патентна организација и на Европската патентна мрежа | Превод и брошури како и на печатени изданија на ЕПО | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Јануари-декември 2020 | Подигната јавната свест и елементарните познавања за Евpпоскиот патентен систем и Европската патентна мрежа |
| Промоција на патентите во средните училишта и факултетите | Доставување и давање на соодветна литература на ЕПО преведена на македонски јазик | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Јануари-декември 2020 | Подигната јавната свест и елементарните познавања за Евpпоскиот патентен систем |
| Усогласување на националната легислатива со европското acquis | Коресподенција, состаноци и консултации со Секретаријатот за европски прашања и Делегацијата на ЕУ | Одделение за патенти | Континуирано | Националната легислатива усогласена |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Следење на реализацијата на НПАА како и ревизија на истата за 2020 година | Одделение за патенти | Јануари-Јуни 2020 | Националната легислатива усогласена |
| Непречена примена на Методологијата за статистичко следење и обработка на податоци за превземени мерки од спроведувањето на правата од ИС | Формирање на работна група за измена и дополнување на Методологијата со цел подобрување на истата | Државен завод за индустриска сопственост и Министерство за правда | Јануари-декември 2020 | Функсионална Методологија за статистичко следење и обработка на податоци за превземени мерки од спроведувањето на правата од ИС |
| Вклучување на ДЗИС во ИПА2 програмирање 2020 | Активно да учествува во работните групи за програмирање ИПА2 при што ќе бидат реализирани и потребните чекори за одобрување и развивање на проектните идеи . | Сите сектори | Континуирано | ДЗИС вклучен во ИПА2 програмирањето |
| | Учество на обуки семинари, тренинзи во врска со можностите за користење на ЕУ и други фондови | Сите сектори | Јануари-декември 2019 | ДЗИС вклучен во ИПА2 програмирањето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Електронско поднесување на пријави за патенти | Развивање на модул за менаџирање на поднесените патентни пријави од страна на клиентсиот модул на ЕПО, модул за внесување на поднесените патентни пријави во IPAS back-office системот и на модул за генерирање на електронска потврда на прием на пријавата и генерирање на идентификациски код од IPAS back-office системот | Одделение за патенти и Одделение за издавачки работи и информатика | Јануари-јуни 2020 година | Воведено електронско поднесуваји на пријави за патенти |
| Размена на податоци со Европскиот патентен завод | Учество на проектот Квалитет во изворот и конфигурирање на IPAS за генерирање на податоците во ST36 формат | Одделение за патенти и Одделение за издавачки работи и информатика | Јануари-јуни 2020 година | Усогласување на стандардите и успешна размена на податоци |
| Промовирање на патентите кај Малите и средни претпријатија | Посета на малите и средни претпријатија со цел на пред дијагноза на правата од индустриска сопственост | Одделение за патенти | Јануари-декември 2020 | Подигната совест и зголемен бројот на поднесени пријави за ПИС |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Едукација на патентните испитувачи во областа на електроенергетиката, механиката, физиката, фармакологијата, природните науки изаконотзапатенти и | Учество на семинари, работилници организирани од страна на ЕПЗ и СОИС | Одделение за патенти | Јануари-декември 2020 | Подобрување на квалитетот на испитување на патентните пријави во соодветните области |
| Развој на посебна мрежа за размена на податоци помеѓу институциите кои се дел од системот на правата од интелектуална сопственост во РМ | Состаноци со претставници на сите институции со проверка на моменталната состојба, дизајнирање на мрежата, развој на платформа за методологијата како и на модулите за електронско учење, размена на податоци и онлајн учење | Одделение за патенти и Одделение за издавачки работи и информатика | Јануари-декември 2020 | Креирана посебна мрежа за размена на податоци како и подобрена размена на податоци помеѓу институциите |

| Сектор за ТМ/ИД/ГН и билатерална соработка со WIPO и EUIPO 2020 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| РБ | Цел | Активност | Сектор или одделение | Рок или динамика | Индикатор |
| | Што сакаме да постигнеме? | Како ќе ги постигнеме поставените цели | Кој е одговорен за спроведување на задачите и активностите? | Кога задачите и активностите мора да бидат завршени | Како ги мериме задачите/активностите |
| 1 | Запознавање со искуствата од земјите членки на ЕУ | -Студиски престој/ пооект со WIPO | Сектор ТМ/ИД/ГН | Јули 2020 | Запознавање со најновите случувања во делот на индустриската сопственост |
| 2 | Запознавање со можностите што може да се од корист за земјите што не се дел од ЕУ | Учество на Liaison состаноци во ЕУИПО 3 состаноци | Сектор ТМ/ИД/ГН | Согласно програмата на ЕУИПО за Liaison состаноци | Запознавање со можностите што може да се од корист за земјите што не се дел од ЕУ |
| 3 | Запознавање со можностите што може да се од корист за земјите што не се дел од ЕУ | Со организирање годишни состаноци во соработка на EPO и EUIPO за раководството од националните и регионалните заводи за ИС | Сектор ТМ/ИД/ГН | 2020 Минхен | Платформа за учење и вмрежување на заводите за ИС на IP Executive Week |
| 4 | Едукација на вработените од Заводот за правата од индустриска сопственост | Тренинг семинари што редовно ги организира EUIPO академијата | Сектор ТМ/ИД/ГН | Во текот на 2020 Рок не е утврден | Оспособување на испитувачите на IP семинари и webinari за EUTM и RCD |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Размена на знаење/споделување на најдобри практики | Активности со цел обезбедување размена на информации и знаења, вклучително и одржување годишна средба помеѓу експертите на двата Завода да дискутираат на теми од главен интерес | Сектор ТМ/ИД/ГН | Во текот на 2020 | Обезбедена размена на информации и знаења, вклучително и одржување годишна средба помеѓу експертите на двата Завода да дискутираат на теми од главен интерес, најваќе со VICO (за EUTMR и RCD системите, практиките, IT теми...) |
| 6 | Размена на методологијата на праксата, поддршка на вообичаената пракса воспоставена од EUIPN (Мрежа на Европската унија за интелектуална спственост) | Организирање состаноци на експерти (претежно од страна VICO) заради размена на методологијата и информациите кои се однесуваат на вообичаената пракса со цел примена на воспоставена заедничка пракса | Сектор ТМ/ИД/ГН | Во текот 2020 | Размена на методологијата на праксата, поддршка на вообичаената пракса воспоставена од EUIPN |
| 7 | Seconded National Expert (SNE) Programme | Доделени национални експерти од ДЗИС во EUIPO | Сектор ТМ/ИД/ГН | Трето тромесечие 2020 | Доделување на национален експерт од ДЗИС во EUIPO во континуитет |
| 8 | Директорот на ДЗИС остварува средба со Извршниот директор на EUIPO (по можност во Женева) за да се дискутира на за статусот на | Организирање на технички состаноци на високо ниво | Директорот на ДЗИС | Септември/октомври 2020 | Остварена дискусија за статусот на соработката и идните активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | соработката и идните активности | | | | |
| 9 | Да се информираат заводите на земјите кои не се членки на EU за проектите за приближување | Учество во улога на обсервери на Convergence Plenary Meeting(s) | Сектор ТМ/ИД/ГН | Рок не е утврден | Информираност на ДЗИС во врска со проектита за приближување |
| 10 | Размена на знаења и податоци | Организирање состаноци / VICO (по потреба) заради овозможување размена на методологијата која се однесува на IP студии и информации за последните постигнувања во IP студиите | Сектор ТМ/ИД/ГН | Рок не е утврден | Овозможена размена на методологијата која овозможена размена на методологија за IP студии и информации за последните постигнувања во IP студиите |
| 11 | Проширување на алатките од интерес (како што се ACIST, ACRIS) | Фисибилити студија и давање на кодот на изворот ( hand-over of source code) | Сектор ТМ/ИД/ГН | Рок не е утврден | Добивање алатките од интерес (како што се ACIST, ACRIS) |
| 12 | Стручно усовршување на судии и јавни обвинители во делот на ИС | учество на конференција за судии што редовно ги организира ЕУИПО | Сектор ТМ/ИД/ГН | Ноември 2020 | Стручно усовршување на судии и јавни обвинители во делот на ИС |
| 13 | Едукација и промоција на индустриската сопственост | Едукација и промоција на индустриската сопственост со WIPO | Сектор ТМ/ИД/ГН | Прва половина од 2020 | Зголемено ниво на знаења за ИС И ефикасност во заштитата и спроведувањето на правата од ИС |
| 14 | Едукација и промоција на индустриската сопственост | Едукација и промоција на индустриската сопственост ДЗИС | Сектор ТМ/ИД/ГН | Втора половина од 2020 | Зголемено ниво на знаења за ИС И ефикасност во заштитата и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | спроведувањето на правата од ИС |
| 15 | Подигање на свеста на МСП | Предложен проект за подигање на свеста во ИП со фокус на МСП | Сектор за ТМ/ИД/ГН и Сектор патенти | Втора половина на 2020 | Едукација и промоција на ИС во Република Македонија |
| 16 | Зголемување на ефикасност | Измени на Тарифата на ДЗИС за ТМ | Сектор ТМ/ИД/ГН | Втора половина 2020 | Зголемена ефикасност |
| 17 | Ефикасно спроведување на постапката за признавање на правото на ТМ/ИД/ГН | Административна постапка за признавање на правото на трговска марка,индустриски дизајн и географски називи | Сектор за ТМ/ИД/ГН | Континуирано без заостаток | Донесени решенија за признавање на правото на ТМ, ИД и ГН |
| 18 | Ефикасност во спроведување на постапката по приговори за ТМ/ИД | Постапка по приговор за трговски марки и индустриски дизајн | Сектор за ТМ/ИД/ГН | Континуирано без заостаток | Донесени решенија по приговорите |
| 19 | Ефикасност во спроведување на постапката по промени во регистрите | Постапка за впишување промени во регистрите | Сектор за ТМ/ИД/ГН | Континуирано без заостаток | Донесени решенија по промените |
| 20 | Ефикасност во завршување на постапката по признавање на правата | Издавање исправи за трговски марки и индустриски дизајн | Сектор за ТМ/ИД/ГН | Континуирано без заостаток | Донесени исправи за трговски марки и индустриски дизајн |
| 21 | Редовно и навремено давање на информативни услуги на заинтересирани лица | Давање на информативни услуги, мислења, потврди и изводи | Сектор за ТМ/ИД/ГН | Континуирано без заостаток | Издадени решерши, потврди, изводи и мислења |
| 22 | Навремена меѓународна | Меѓународна заштита на трговски марки, | Сектор за ТМ/ИД/ГН | Континуирано без заостаток | Број на поднесени барања за меѓународна |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | регистрација на трговските марки согласно Мадридскиот систем | индустриски дизајн и географски ознаки | | | регистрација и известувања за прифаќање на заштитата |
| | | **Учество во работата на работните тела на WIPO** | | | |
| 23 | Учество во работните тела и навремено спроведување на промените во делот на ТМ/ИД /ГН | Постојан комитет за ТМ/ИД/ГН | Раководител на сектор/помошник раководител на сектор | Континуирано<br>2 состаноци | Следење на состојбата во делот на трговските марки, ИД и ГН |
| 20. | следење на промените во Мадридскиот систем | Работна група за мадридски систем | Раководител на одделение за трговски марки | Континуирано<br>2 состаноци во текот на годината | Учестово и следење на работата на унијата |
| 21. | Учество во работната група и навремено спроведување на промените во делот на Ничанската класификација | Работна група за ничанска/виенска класификација | советници за трговкси марки кои се задолжени за ничанската класификација | Континуирано<br>2 состаноци во текот на годината | Учестово и следење на работата група на експерти за ничанската класификација |
| 22. | Учество во работната група и навремено спроведување на промените во делот на Локранската класификација | Работна група за локранска класификација класификација | Раководител на одделение и советник за индустриски дизајн кој е задолжен за локранска класификација | Континуирано<br>2 состаноци во текот на годината | Учестово и следење на работата група на експерти за локранска класификација |

| Сектор за општи работи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| РБ | Цел | Активност | Сектор или одделение | Рок или динамика | Индикатор |
| | Што сакаме да постигнеме? | Како ќе ги постигнеме поставените цели | Кој е одговорен за спроведување на задачите и активностите? | Кога задачите и активностите мора да бидат завршени | Како ги мериме задачите/активностите |
| 1 | Примена и усогласување на интерните акти на Заводот со националната легислатива во Република Северна Македонија | Усогласување на упатствата и процедурите од областа на човечките ресурси, кои се однесуваат на селекцијата, вработувањето, мобилноста во државната служба, правата, должностите и одговорностите на државните службеници кои произлегуваат од службеничкиот однос, со националната легислатива, преку следење на промените кои настануваат во националните закони и другите подзаконски акти и проценување на потребите за усогласување со истите. | Раководител на Сектор за општи работи | Континуирано | Усогласени интерни акти на Заводот |
| 2. | Соработка со Владата на Република Северна | Постапување по заклучоците на Владата на Република | | Континуирано | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Македонија и со другите државни органи | Северна Македонија и по барањата согласно соработката со другите државни органи | | | |
| 3. | Донесување на Годишен план за обуки на државните службеници во Заводот за 2021 година. | Согласно правата и обврските на државните службеници стручно да се усовршуваат во текот на годината, Секторот за општи работи има обврска врз основа на индивидуалните планови за стручно усовршување кои ги доставуваат раководителите на секторите, и согласно Годишниот план за генерички обуки за 2021 година изготвен од МИОА, да донесе Годишен план за обуки на државните службеници во ДЗИС најдоцна до 15 декември 2020 за наредната 2021 година, по претходно добиено мислење од МИОА | Раководител на Сектор за општи работи | Најдоцна до 15 декември 2020 година | Изготвен Годишен план за обуки на државните службеници во Заводот за 2021 година |
| 4. | Известување на МИОА за спроведени дисциплински постапки за вработените во ДЗИС за 2020 година | Изготвување Годишен извештај за спроведени дисциплински постапки за | Раководител на Сектор за општи работи | 31.12.2020 | Изготвен и доставен Извештај до МИОА |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | вработените во ДЗИС и негова достава до МИОА | | | |
| 5. | Оценување на државните службеници на ДЗИС за 2020 година | Спроведување постапката за оценување на државните службеници во ДЗИС за 2020 година која опфаќа (Поставување на работни цели и задачи, следење на вработените околу извршувањето на работните задачи и начинот на кои ги исполнуваат обврските, спроведување на полугодишно интервју, интерно оценување, оценување од страна на надворешни оценувачи и оценување од страна на претпоставениот раководител). По спроведеното оценување се доставува извештај за оценките до МИОА | Раководител на Сектор за општи работи, Комисија за спроведување на постапката за интерни оценувања, раководители на одделенија и сектори и директорот на ДЗИС | Заклучно со 31.12.2020 | Спроведено оценување |
| 6. | Постапување по претставки и предлози и достава на полугодишни извештаи до Министерството за правда за податоците кои се однесуваат на | Ќе се изготват и испратат 2 извештаи до Министерството за правда за податоците кои се однесуваат на постапувањето по | Овластени лица од директорот | Континуирано постапување по претставките и достава на 2 извештаи во месеците | Доставени извештаи до Министерство за правда и месечни известувања до Генералниот секретаријат |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | постапувањето по претставки и предлози поднесен до Заводот | претставки и предлози поднесени до Заводот. | | јануари и јули 2020 | |
| 7. | Годишен извештај за поднесени барања на информации од јавен карактер во Заводот | Постапување по поднесените барања на информации од јавен карактер во Заводот и достава на Годишен извештај до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер | Раководител на Сектор за општи работи и Раководител на одделение за прием и обработка на документација | Заклучно со 31.01.2020 година | Изготвен и доставен Извештајот |
| 8. | Годишен план за вработување за 2021 година и Извештај за реализација на Планот за вработување за 2020 година | Изготвување на Годишниот план за вработување за 2021 година и негова достава до Министерство за финансии, Секретаријат за рамковен договор и МИОА на мислење | Раководител на Сектор за општи работи | Заклучно со 01.11.2020 година | Одобрен Годишниот план од страна на надлежните институции |
| 9. | Спроведување на постапки за вработување и унапредување | Спроведување на постапки за 4 вработувања и 3 унапредувања | Раководител на Сектор за општи работи | Заклучно со 31.12.2020 година | Реализирани вработувања и унапредувања |
| 10. | Измена и дополнување на актот за систематизација | Изготвување на функционална анализа | Раководител на Сектор за општи работи и раководители од други сектори | Во текот на 2020 година | Донесени измени и дополнувања на актот за систематизација |
| 11. | Изготвување План на архивски знаци, Листа на архивски материјал и Листа на документарен материјал со рокови на негово чување | Изготвување План на архивски знаци, Листа на архивски материјал и Листа на документарен | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | за 2020 година и спроведување постапка за попишување на архивската граѓа од трајна вредност | материјал со рокови на негово чување за 2020 година и спроведување постапка за попишување на архивската граѓа од трајна вредност и нивна достава до Државниот архив на РМ заради добивање согласност | | | |
| 12. | Одржување и унапредување на нивото на техничка опременост | Техничко одржување на компјутерската опрема и на компјутерските програми во функција на поддршка на оперативната работа на Заводот;<br>-редовно извршување на заштитата на податоците и нивно чување во веќе постоечките "Server" компјутери и во надворешните "Backup Server" компјутери и<br>- ажурирање на web страницата на ДЗИС. | Одделение за информатика и издаваштво | континуирано | |
| 13. | Подготовка и издавање на службено гласило на ДЗИС | Во ДЗИС во 2020 година ќе се обработат и издадат вкупно 12 службени гласила, почнувајќи во месец јануари и истовремено | Одделение за информатика и издаваштво | Секој месец, почнувајќи од месец јануари | Издадени и објавени службени гласила |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ќе бидат ставени на ВЕБ страницата на ДЗИС. | | | |
| 14. | Прием и обработка на податоци | Ќе се обработат сите доставени документи во приемно одделение и општата архива | Одделение за прием и обработка на податоци и општата архива | континуирано | Примени и доставени документи |
| 15. | Евидентирање и уништување на архивска граѓа | Евидентирање и уништување на архивска граѓа | | 31.12.2020 | |

ДИРЕКТОР,

Dr. Safet Emruli

Република Северна Македонија
Државен завод за индустриска сопственост
Скопје
Enti Shtetëror për Pronësi Industriale
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut